**20230651284**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 20 март 2023 година.

Бр. 08-1545/1
20 март 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

Во Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19, 244/19, 275/19, 110/21 и 123/22) во член 14-а став (2) алинејата 6 се брише.

Во став (5) зборовите: „алинеја 1, 2, 3, 4, 5 и 6“ се заменуваат со зборовите: „алинеи 1, 2, 3, 4 и 5“.

Ставот (6) се брише.

Во ставот (7) кој станува став (6) зборовите: „ги уредува Владата по предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за финансии“ се заменуваат со зборовите: „ги пропишува Владата со прописот од членот 47 став (6) од овој закон.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.